# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО И БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2017-160/4 од 8.4.2016 година донесена на 149. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 6.4.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во вонреден професор за област **претприемништво и бизнис менаџмент** на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25.3.2016 година и во предвидениот рок се пријави само доцент д-р Мимоза Серафимова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Мимоза Серафимова** е родена на 24 јануари 1962 година во Прилеп. Основно и средно образование завршува во Прилеп со континуиран солиден успех. Додипломските студии ги завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира со средна оценка 8,66 на Педагошкиот факултет, а постдипломските на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, каде што магистрира на темата „*Трансфер на знаењето од обуките на работното место*“ со средна оценка 9,78 и се стекнува со звање магистер по образовен менаџмент. Во 2011 година на Економскиот факултет при Европскиот универзитетот - Скопје ја брани докторската дисертација на тема „*Модел на стратешко лидерство во образовните институции*“ и се стекнува со научен степен **доктор на економски науки, МБА менаџмент.**

Од декември 2011 година е вработена како **доцент** по група предмети од областа менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што покрај редовните студии е вклучена и во постдипломските студии на насоката Бизнис логистика.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Со Одлука бр. 2602-341/4 на 28.12.2011 година е избрана за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област претприемништво.

Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на издавање на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petrevska, B. & **Serafimova, M.** | Assessing access to finance for tourism development: entrepreneurial approach | International Journal of Information, Business and Management, 8 (1). pp. 35-45. ISSN 2218-046X | Од 2003 год. 13 год. |
| 2 | **Serafimova, M.** & Jakovlev, Z. & Koteski, C. | Intra-entrepreneurship management in tourist organizations in the east region of R. Macedonia. | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3). pp. 335-346. ISSN 1857-7741 | Од 1999 год. 17 год. |
| 3 | **Serafimova, M.** & Petrevska, B. | Entrepreneurship and financing: The evidence of Macedonia | Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 17. pp. 45-55. ISSN 1857 9884 | Од 2004 год. 12 год |
| 4 | Jakovlev, Z. & **Serafimova, M.** & Koteski, C. & Zezova, A. | Entrepreneurship and management of animation in tourism | Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2). pp. 307-320. ISSN 1409-7893 | Од 1999 год. 13 год. |
| 5 | **Serafimova, M.** & Stojceska, Gjorgioska, M. | Informal competencies for employment and entrepreneurship – conditions and opportunities for Macedonia | Economic Development Journal of the Institute of Economics 1-2/2016 (потврда за објавување) | Од 1999 год. 13 год. |

**или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години**.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Jakovlev, Z. & Koteski, C. & Dimitrov, N. & Josheski, D. & **Serafimova, M.** & Zezova, A. | *Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia.* | Wulfenia Journal, 23 (2). pp. 523-535. | ISI Web of Science IF: 0.267 |
| 2 | Koteski, C. & Josheski, D. & Dimitrov, N. & Jakovlev, Z. & Bardarova, Snezana & **Serafimova, M.** | *Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three* | Wulfenia Journal, 21 (4). pp. 247-257. | ISI Web of Science IF: 0.267 |
| 3 | Koteski, C. & Josheski, D. & Dimitrov, N. & Jakovlev, Z. & Bardarova S. & **Serafimova, M.** | Volatility and growth. | Wulfenia Journal, 20 (12). pp. 1-12. | ISI Web of Science IF: 0.267 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Серафимова е вработена како **доцент** по група предмети од областа менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2602-341/4 на 28.12.2011). За време на изборниот период покривала повеќе предмети на прв и втор циклус студии.

Во изборниот период, кандидатката д-р Серафимова за потребите на наставата на Факултетот на туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип има издадено интерни скрипти и практикуми, како и позитивно рецензирани наслови, и тоа:

**Позитивно рецензирана скрипта:**

**Серафимова, М**., Џамтоска-Здравковска, С. (2014). *Култура на изразување и комуникација во претприемништвото*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-143-6.);

**Позитивно рецензиран практикум:**

**Серафимова, М**. (2015). *Практикум по култура на изразување и комуникација во претприемништвото*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-282-2.

Кандидатката д-р Серафимова покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри како ментор на поголем број студенти за дипломски трудови. Нејзиниот научен интерес е од областа на менаџмент аспектите на развојот на претприемништвото и бизнис менаџментот, надополнет со промовирање на нови иновативни начини на негово унапредување. Д-р Серафимова има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

***Научноистражувачка дејност***

Во изборниот период, кандидатката д-р Серафимова е автор и коавтор на големиот број научни трудови објавени во меѓународни списанија, монографии, стручни книги и е учесник во научноистражувачки проект.

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Серафимова ги има публикувано следниве монографии и научни книги во земјава и во странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

**Серафимова, М**., Џамтоска-Здравковска, С. (2014). ***Култура на изразување и комуникација во претприемништвото*** – *рецензирана е-скрипта*. ISBN 978-608-244-143-6.

Ракописот е рецензирана е-скрипта наменета првенствено за студентите кои го изучуваат предметите *Култура на изразување и комуникација* и *Претприемништво* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Се состои од девет глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на комуникациски аспекти во менаџментот и претприемништвото.

**Серафимова, М.** (2016)***. Практикум по култура на изразување и комуникација во претприемништвото*, **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-282-2).

Ракописот е рецензиран е-практикум наменет за студентите кои ги изучуваат предметите *Култура на изразување и комуникација* и *Претприемништво* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Се состои од девет глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на менаџерските комуникациски аспекти во менаџментот и претприемништвото. Основна цел е да служи како учебно помагало при спроведување на дванаесет вежби, па претставува надополнување на материјата која е разработена во е-скриптата „Култура на изразување и комуникација во претприемништвото“.

**Серафимова, М.** (2014**). Претприемништво и комуникациски менаџмент - современи претприемнички пристапи.** Самостоен издавач. 2 Август, Штип, Македонија

(ISBN 978-608-4662-28-0). Книгата се фокусира на значењето на ефективната комуникација на претприемачите, како современ, иновативен аспект на нивната секојдневна организациска активност. Се состои од шест глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на претприемништвото како бизнис област и се обидува да разбере од каде произлегуваат или како конкретни личности откриваат и создаваат можности за нешто ново и различно, кое потоа го развиваат на различни начини за да создадат многу различни ефекти, притоа потенцирајќи го значењето на комуникацискиот менаџмент, се обидува да го подигне на највисоко ниво како базичен аспект за менаџерско функционирање, но и како поле кое перманентно се развива и надградува.

**Serafimova, M.** & Jakovlev, Z. (2015). **Enterpreneurship, management and communication.** Other. LAP LAMBERT Academic Publishing, Germany. (ISBN 978-3-0695-42460.

Проблематиката на претприемничкиот менаџмент и значењето на ефективната комуникацијата е централна тема на оваа книга структурирана во пет дела кои меѓусебно се надополнуваат. Во првиот дел е детално објаснет концептот на претприемничкиот менаџмент. Вториот дел дава одговор на најважните прашања поврзани со менаџментот на комуникацискиот процес. Третиот дел е посветен на техниките на ефективната комуникација, а четвртиот, петтиот и шестиот го третираат значењето на решавањето конфликти, значењето на состаноците и преговорите како клучен аспект на контактите со надворешните соработници.

**Serafimova, M.** & Jakovlev, Z. (2015). **Entrepreneurship, communication and their application in toursm**. *Other. LAP Lambert Academic Publishing. (ISBN 978-3-659-74456-3)*

Проблематиката на примената на претприемништвото и комуникацијата во туризмот како централна тема во оваа книга третира проблематика која е обработена во четири теми. Првата тема го објаснува туризмот како специфична економско-општествена појава, а во втората се дадени спецификите на претприемништвото како сфера на развој во туризмот. Значењето на овие две полиња е согледано од аспектот на практикување ефективна комуникација, што е обработено во третата и четвртата тема.

**Серфимова, М.** (2013**). Потреба и ефекти од трансферот на обуките во образованието.** Самостоен издавач. „2-ри Август“ Штип (ISBN 978-608-4662-16-*7)*. Книгата го третира современото интрапретприемништво препознаено преку трансферот на знаењето на работното место фокусирано на нови проекти и подобрување на постојните. Содржината е дадена во два дела – теоретски дел кој го третира научниот пристап кон потребата од иновативни содржини или форми на работа и емпириски дел, кој е резултат на истражувачки проект низ повеќе градови во Македонија.

**Серафимова, М**, (2016) **Комуникациската ефикасност на менаџерот**. Самостоен издавач. „2-ри Август“ Штип. ISBN 978-608-4662-60-0. Книгата ја третира ефективната комуникација на менаџерите насочена кон макроопкружувањето. Предочува практики во конкретни ситуации кои овозможуваат ефективно деловно однесување во секојдневните контакти, состаноци и преговори. Првата глава е насочена кон ефективната менаџерска комуникација надвор од организацијата. Втората го разработува процесот на вработување и алатките кои го прават успешен. Третата, четвртата и петтата глава се насочени кон давање работни инструкции и менаџирањето со конфликти.

**Серафимова, М**., Петревска, Б., Јаковлев, З., Котески, Ц., Жежова, А. (2016) **Современи предизвици на претприемништвото и туризмот во Република Македонија**. Издавач*:* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр.2102-139/3 на 28.3.2016). ISBN 978-608-244-300-3. Монографијата ги третира состојбите и предизвиците на претприемништвото и туризмот во Република Македонија од повеќе аспекти, надополнета со податоци за временска и просторна компаратива, наменета како дополнителен материјал за студентите при нивната изработка на проектни и дипломски работи.

Koteski, C. & Jakovlev, Z. & Petrevska, B. & Zezova, A. & **Serafimova, M.** (2016); Determining tourist events in east region of the Republic of Macedonia, LAP LAMBERT Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-659-86291-5. Монографијата ги сумира податоците од релевантни истражувања од туристичките настани во источниот дел на Македонија. Поглавјето напишано од д-р Серафимова го третира развојот на претприемништвото како важен аспект за развој кој бара перманентна посветеност и внимание на локално ниво и поддршка од институциите на централно ново, поддржувајќи ги наводите со реализирани истражувања од релевантни институции.

Jakovlev, Z, & **Serafimova M.** Koteski C**.** (2016); **Entrepreneurial and managerial aspects of animation in tourism.** LAP LAMBERT Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-659-86161-Монографијата преку разгледување на менаџирањето на анимациите во туризмот ги посочува значајноста на нивните претприемнички пристапи и аспекти за развојот на туризмот во Македонија, како општествена област во која може многу да се понуди. Првата глава го разгледува теоретскиот пристап кон анимациите и нивното претприемничко значење за туризмот. Втората глава го опфаќа нивното интегрирање во процесот на создавање и понуда на туристички услуги, а третата глава нивното менаџирање.

***Трудови објавени во научно списание опфатено со SCI/CA:***

Jakovlev, Z. & Koteski, C. & Dimitrov, N. & Josheski, D. & **Serafimova, M.** & Zezova, A. (2016)***. Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia.*** Wulfenia Journal, 23 (2). pp. 523-535. (ISI Web of Science IF: 0.267) Трудот ги сумира основните социо-економски параметри за недостаток од работна сила во туризмот и угостителството, и предлага начин на нивно менаџирање, што заедно со подобрувањето на сместувачките капацитети ќе овозможат надминување на постојните недостатоците во Општина Дојран.

Koteski, C. & Josheski, D. & Dimitrov, N. & Jakovlev, Z. & Bardarova, S. & **Serafimova, M.** (2014). ***Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three***. Wulfenia Journal, 21 (4). pp. 247-257. (ISI Web of Science IF: 0.267) Трудот го истражува прашањето на демократијата, демографијата и економскиот раст, а резултатите недвосмислено ја покажуваат поврзаноста на работната возраст на населението, комбинирана со ефективните јавни политики, со предизвикувањето побрз економски раст.

Koteski, C. & Josheski, D. & Dimitrov, N. & Jakovlev, Z. & Bardarova, S. & **Serafimova, M.** (2013). ***Volatility and growth***. Wulfenia Journal, 20 (12). pp. 1-12. (ISI Web of Science IF: 0.267). Трудот ги анализира причините за постоење позитивна поврзаност помеѓу нестабилноста и растот на производството и човечкиот капитал, физичкиот капитал и инвестициите кои влијаат на растот на БДП.

Petrevska, B. & **Serafimova, M.** (2016) ***Assessing access to finance for tourism development: entrepreneurial approach***. International Journal of Information, Business and Management, 8 (1). pp. 35-45. Трудот ги идентификува главните проблеми предизвикани од недостаток на пристап до финансиски средства за идниот развој на туризмот, со вработување преку претприемачки пристап.

Jakovlev, Z. & **Serafimova, M**. & Koteski, C. (2016) **Entrepreneurship and cultural - amusement animation in tourism.** Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2) /2016 (**потврда за прифатеност за објавување**) Во трудот претприемништвото се анализира како сложен процес кој во културно-забавна анимација на туризмот станува уште посложен, а феномен на забава и пренасочување се гледа од агол на менаџирање на иновативни промени.

**Serafimova, M**. & Stojceska, Gjogjioska, M. (2016) ***Informal competencies for employment and entrepreneurship - conditions and opportunities for Macedonia***. Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2) /2016 (**потврда за прифатеност**

**за објавување).** Трудот ја елаборира потребата за претприемничко учење и развој на професионални компетенции, како услов за вработување и развој на кариерата. Целта е да се идентификуваат главните проблеми предизвикани од недостаток на оваа вредност.

Petrevska, B. & Chingovski, Z. & **Serafimova, M,** (2016). ***„From renewable energy in Macedonian hotels to managing sustainable tourism“***. *UTMS Journal of Economics,* (**прифатен за објавување).** Трудот го разгледува приодот на македонските хотели, кои иако целосно свесни за важноста на концептот на енергетска ефикасност, не им е нивен менаџерски приоритет. Студијата препорачува македонските хотели да се фокусираат на примена на еколошки ориентирани практики.

**Serafimova, M.** & Jakovlev, Z. & Koteski, C. (2015) ***Intra-entrepreneurship management in tourist organizations in the east region of R. Macedonia***. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3). pp. 335-346. Трудот ја проценува моменталната состојба на вештини во рамките на претприемништвото и способности на вработените во областа на туризмот и ги открива најдлабоките пречки за развој на претприемништвото во туристичкиот сектор.

**Serafimova, M.** & Petrevska, B. (2015) ***Entrepreneurship and financing: The evidence of Macedonia*. Horisons,** International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, pp. 45-55. Истражуваниот пристап се однесува на изворите кои обезбедуваат средни и долгорочни кредити за малите и средни претпријатија. Главните наоди покажуваат дека МСП имаат значајна улога во развојот на претприемништвото воопшто во Македонија.

Jakovlev,Z. & **Serafimova, M.** & Koteski, C. & Zezova, A. (2015) ***Entrepreneurship and management of animation in tourism*.** Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2). pp. 307-320. Овој труд се однесува на претприемништвото, управувањето и организацијата како сложени процеси кои во анимацијата на туризмот и нивната условеност од ефективните знаења, вештини, способности и искуства на менаџерот.

Jakovlev, Z. & Koteski, C. & Bardarova, S. & **Serafimova, M.** & Dzambazoski, K. (2014) *The Sports-Recreational Animation as a Factor for Tourism Development*. Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (1). Во трудот приодот кон туризмот, кој не е спортска гранка, а опфаќа многу спортски активности, ги третира како меѓусебно поврзани феномени, чие успешно менаџирање може да доведе до постојано зголемување на профитот во оваа стопанска дејност.

Dzamtoska-Zdravkovska, S. & **Serafimova, M**. (2013) ***Communication beyond the lecture room as a challenge of education in the modern era.*** Journal of Sustainable Development, 4 (7). pp. 5-20. Во фокусот на овој труд е комуникацијата предизвици на наставниците релација студенти. Се анализира влијанието на практичната работа на студентите по нивната мотивација и го подобрува нивото на ефективната комуникација.

**Serafimova, M**. & Spasov, D. (2013) ***The strategic aspect of planning the personnel local policy in the direction of sustainable development of the local market***. Journal of Sustainable Development. Трудот го елаборира стратешкиот пристап на политиката за развој на локалната самоуправа, од аспект на потребите на локалниот пазар, изразена преку реална потреба за ефикасна работа и квалитетот на видот и степенот на достапните професионални компетенции на барателите на работа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***Трудови во стручно (научно-популарни) списанија***

**Serafimova, M**. & Petrevska, B. (2015) ***Entrepreneurial advancement of women in tourism: the case of Macedonia***. In: Second international Scientific Conference: Social Schange in the Global World, 3-5 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Jakovlev, Z. & **Serafimova, M** & Koteski, C. (2015). ***The employment process in tourist companies as a condition for their entrepreneurial advance***. In: Second International Scientific Conference: Social change in the global world, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.

**Serafimova, M**. (2014). ***Странските инвеститори со „Бела книга“ за бизнис-климата во Македонија***. Deutsche Welle.

**Serafimova, M.** (2014). **Дали во Македонија се воведува економски неоколонијализам?** Deutsche Welle.

**Serafimova, M**. & Bardarova, S. (2014). ***The need of recognition and validation of the organizational entrepreneurship act of the employees in the organizations.*** In: First International Scientific Conference – Center for legal and political research, 2014, Stip, Republic of Macedonia.

**Serafimova, M**. & Stojceska Gjorgioska, M. (2013). ***Strategic aspects of institutional competetiveness of education istituions as function of local government***. In: BAS Second International Scientific Conferencie.

**Serafimova, M**. & Angelkova, T. (2013). ***Entrepreneurship as a modern managing intention in a direction of defining quality***.In: 3rd Biennial International Scientific Congress, Skopje.

Stojceska Gjorgioska, M. & **Serafimova, M.** (2013) ***Развивање на претприемнички способности***. In: Втор симпозиум со меѓународно учество - Современите менаџерски предизвици и организациските науки, мај 2013, Струмица, Р.Македонија.

Stojceska Gjorgioska, M. & **Serafimova, M.** (2012) *Менторската поддршка и професионалниот развој*. In: First International Scientific Conference - Contemporary management challenges and the organizational sciences, 21-22 June 2012, Bitola, R. Macedonia.

Stojceska Gjorgioska, M. & **Serafimova, M.** (2012) *Professional competence as a strategic aspect of the company's competitiveness*. In: First International Science Conference, 21-22 June 2012, Skopje, Macedonia.

**Serafimova, M**. & Stojceska Gjorgioska, M. (2011) *Lifelong continuous learning - need and challenge for integrating entrepreneurship and business education*. In: III Simpozium of imternational participation "Education in 21 century", 09 Dec 2011, Bitola, R. Macedonia.

Stojceska Gjorgioska, M. & **Serafimova, M.** (2011) *Modern strategies for effective teaching*. In: III Simpozium of international participation "Education in 21 century", 09 Dec 2011, Bitola, R. Macedonia.

За време на изборниот период, кандидатката д-р Серафимова активно учествува во научноистражувачки проект, и тоа:

1. Учесник во проектот „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија“ (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип) (2015-тековно).

Во изборниот период, кандидатката д-р Серафимова е член на повеќе факултетски органи и комисии и тоа:

2. Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
3. Комисија за запишување нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии (Одлука бр. 2602-437/13 на 5.6.2013 за 2013/2014 год. Одлука бр. 2602-665/6 на 5.6.2014 за 2014/2015 год. Одлука бр. 2102-286/13 на 20.5.2015 од 2015/2016 год.).

Истовремено, д-р Серафимова е член на три владини органи и комисии:

4. Член на Комисија за контролирање на квалитетот на екстерното тестирање од економска и трговска област, МОН (Одлука бр. 03-3260/2 од 1.3.2013).
5. Член на Национална комисија за учебници, МОН (Решение бр.24-7521/1 од 7.7.2015).
6. Член на Комисија за контролирање на квалитетот на екстерното тестирање од економска и трговска област, МОН (Одлука бр. 03-38/53 од 1.3.2016).

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Мимоза Серафимова, вработена на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економика на туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документација се воочува дека кандидатката д-р Мимоза Серафимова активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија, активно учествува со оригинални трудови на значајни меѓународни конференции и се јавува како учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Покрај научноистражувачката дејност, кандидатката успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на прв и втор циклус студии. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Мимоза Серафимова има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, **Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката д-р Мимоза Серафимова да биде избрана во звањето вонреден професор од наставно-научната област претприемништво и бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р. Костадин Петковски,**
**Технички факултет, Универзитет**
**„Св. Климент Охридски" - Битола, претседател, с.р;**
**Проф. д-р Радмил Поленаковиќ,**
**Машински факултет, Универзитет „Кирил и Методиј"- Скопје, член, с.р;**
**Вонреден проф. д-р Билјана Петревска,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мимоза Серафимова (2011-2016)**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Избрана во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Монографија или научна книга<br>во земјава реф. 1, 2, 3, 6, 7<br>во странство реф. 4, 5, 10 | 5 | 10 | 3 | 15 | **95** |
| **2** | Дел од монографија или научна книга<br>во земјава реф. 8,<br>во странство реф. 9 | 1 | 6 | 1 | 10 | **16** |
| **4** | Трудови објавени во научно списание опфатено во (SCI) реф.11,12, 13<br><br>Трудови објавени во научно списание опфатено во (CA) реф. 14-23 | | | 3<br><br>10 | 9<br><br>6 | **27**<br><br>**60** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **198** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5** | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>реф. 24-35 | 12 | 2 | | | **24** |
| **13** | Учесник во научен проект реф.36 | 1 | 5 | | | **5** |
| **15** | Техничко унапредување реф. | 11 | 2 | | | **22** |
| **27** | Член на универзитетски комисии реф.37,38<br>Член на владин орган или комисија реф. 39 - 41 | 4<br>3 | 2<br>5 | | | **8**<br>**15** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **302** |